Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Република Северна Македонија
Бр. 02-5664/1
24.12 2021 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет во Скопје

Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Medicine in Skopje

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/18 година и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/21 година), одлуката од Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-5523/59 од 21.12.2021 година и член 20 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 411 од 05.11.2018 година и 426 од 3 јули 2019 година), Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје распишува

# ИНТЕРЕН КОНКУРС
## *за избор на демонстратори*

1. Се распишува интерен конкурс за избор на демонстратори, како помошници во наставно-образовниот процес на прввиот циклус студии, а за потребите на Медицинскиот факултет во Скопје за учебната 2021/2022 година, и тоа за:

***I. Катедра за имунологија*** – 1 демонстратор за:

- предметот *Вовед во имунологија* од студиската програма по општа медицина
- предметот *Имунологија* од студиската програма за инженери по медицинска лабараториска дијагностика од тригодишните стручни студии

**2. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови**:

- да се студенти на интегриран прв и втор циклус на академски студии на Медицинскиот факултет со остварени најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум) или

- да се студенти на втор или трет циклус на студии од соодветната студиска програма со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските академски студии.

**3. Потребни документи на кандидатите:**

- пријава во која ќе биде назначена Катедрата за која се пријавуваат;
- кратка биографија;
- државјанство (копија)
- потврда за редовен студент на Медицинскиот факултет во Скопје (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за положени испити (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- диплома за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- потврда дека е студент на втор или трет циклус на студии (за точка 2 алинеја 2).

Пријавата со потребните документи се поднесува до Архивата на Медицинскиот факултет во Скопје најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

**Декан**

Проф.д-р Соња Топузовска